europass

# Заедничка европска референтна рамка за јазици
# Само-оценувачка матрица

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

| | | A1<br>Основен корисник | A2<br>Основен корисник | B1<br>Самостоен корисник | B2<br>Самостоен корисник | C1<br>Напреден корисник | C2<br>Напреден корисник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Разбирање | Слушање | Можам да препознаам познати зборови и најосновни фрази за себе, моето семејство и непосредната конкретна околина, кога луѓето зборуваат бавно и јасно. | Можам да разберам фрази и најчесто користени зборови што се однесуваат на области од најнепосредна лична важност (на пр. најосновни лични и семејни информации, шопинг, локална околина, вработување). Можам да ја фатам главната поента во куси, јасни, едноставни пораки и соопштенија. | Можам да ги разберам главните поенти на јасен стандарден говор за познати нешта со кои редовно се среќавам на работа, во училиште, во слободно време и сл. Можам да ја разберам главната поента на многу радио и ТВ-програми за тековни настани или за теми од личен или професионален интерес, кога изговорот е релативно бавен и јасен. | Можам да разберам подолг говор или предавања и да следам отворeникомплексни искази на аргументи до колку темата ми е во доволна мера позната. Можам да ги разбирам повеќето вести на ТВ и програмите за тековни настани. Можам да ги разберам повеќето филмови на стандарден јазик. | Можам да разберам подолг говор дури и кога не е јасно структуриран и кога врските се само имплицирани, а не се експлицитно сигнализирани. Можам да ги разбирам телевизиските програми и филмови без преголем напор. | Без тешкотија го разбирам секој вид говорен јазик, било да е во живо или преку медиуми, дури и кога е изговорен со голема брзина од роден зборувач, под услов претходно да сум имал/а време да се запознаам со акцентот. |
| | Читање | Можам да разберам познати имиња, зборови и наједноставни реченици, на пример на известувања и плакати или во каталози. | Можам да читам многу куси, едноставни текстови. Можам да најдам конкретни, предвидливи информации во едноставни секојдневни материјали, како: реклами, проспекти, менија и возни редови и можам да разберам куси лични писма. | Можам да разберам текстови составени главно на често користен секојдневен јазик или јазик поврзан со професијата. Можам да разберам описи на настани, чувства и желби во лични писма. | Можам да читам статии и извештаи што се однесуваат на современи проблеми вокои авторите имаат посебни ставови или гледишта. Можам да разбирам современа литературна проза. | Можам да разбирам долги и комплексни фактички и книжевни текстови, согледувајќи ги стилските разлики. Можам да разбирам специјализиранистатии и подолги технички инструкции, дури и кога не се од мојата област. | Со леснотија можам да ги читам практично сите форми на пишан текст,вклучувајќи и апстрактни, структурно или лингвистички комплексни текстови, како: прирачници, специјализирани статии и книжевни дела.<br> |
| Зборување | Говорна интеракција | Можам да комуницирам на едноставен начин до колку соговорникот е подготвен да ги повтори или преформулира нештата со побавно темпо на изговор и да ми помогне да го формулирам она што се обидувам да го кажам. Можам да поставам и да одговорам на едноставни прашања од области на непосредна потреба или за нешта што ми се многу познати. | Можам да комуницирам во едноставни и рутински задачи кога се бара едноставна и директна размена на информации за познати теми и активности. Можам да учествувам во многу куси социјални конверзации, иако обично не разбирам доволно за да можам сам/а да ја одржувам конверзацијата. | Можам да се справам со повеќето ситуации што можат да се појават кога патувам во области каде што се зборува тој јазик. Можам неподготвен/а да влезам во конверзација на теми што ми се познати, од личен интерес или од секојдневниот живот (на пр. семејство, хоби, работа, патување и тековни настани). | Можам да комуницирам со степен на течност и спонтаност што ми овозможува редовна интеракција со родените зборувачи. Можам да земам активно учество во познати контексти, да ги објаснам и да ги одбранам моите гледишта. | Можам да се изразувам течно и спонтано без многу очигледно да го барам соодветниот збор. Можам да го користам јазикот флексибилно и ефективно за социјални и професионални цели. Можам прецизно да формулирам идеи и мислења и вешто да се надоврзам на исказите на соговорниците. | Можам без напор да учествувам во секоја конверзација или дискусија и добро сум запознаен/а со идиоматските изрази и колоквијализми. Можам течно да се изразувам и прецизно да пренесам и пофини нијанси на значењето. Ако наидам на проблем, можам да се повратам и да се преформулирам околу тешкотијата толку вешто, што соговорниците речиси и нема да забележат. |
| | Говорна продукција | Можам да користам едноставни фрази и реченици за да го опишам местото на живеење и луѓето што ги познавам. | Можам да користам низа фрази и реченици за да го опишам со едноставни зборови моето семејство и други луѓе, животните услови, моето образование и моето сегашно или скорешно вработување. | Можам да поврзувам фрази на едноставен начин за да опишам доживувања и настани, соништа, надежи и амбиции. Можам накусо да ги образложам и објаснам моите мислења и планови. Можам да раскажам сторија или да го пренесам дејството од некоја книга или филм и да ја опишам мојата реакција. | Можам да направам јасни, детални описи за широк опсег на теми што се однесуваат на моето поле на интерес. Можам да објаснам гледиште на одредена тема претставувајќи ги предностите и слабите страни на различните можности. | Можам да направам јасни, детални описи на комплексни теми вклучувајќии поттеми, да развијам конкретни поенти и да заокружам со соодветен заклучок. | Можам да направам јасен, сосема течен опис или расправа во стил што е соодветен за контекстот и со ефективна логичка структура што ќе му помогне на слушателот да ги забележи и да ги запамети значајните поенти. |
| Пишување | Пишување | Можам да напишам куса, едноставна разгледница, на пример за честитањепразник. Можам да пополнам формулари со лични податоци, на пример да ги напишам моето име и презиме, националност и адреса на хотелски формулар. | Можам да напишам куси, едноставни белешки и пораки кои се однесуваат на нешта од области на непосредна потреба. Можам да напишам многу кусо лично писмо, на пример да му се заблагодарам некому за нешто. | Можам да напишам едноставен врзан текст на теми што ми се познати или ми се од личен интерес. Можам да пишувам лични писма, опишувајќи доживувања и впечатоци. | Можам да напишам јасен, детален текст за широк опсег на теми што се однесуваат на моите интереси. Можам да напишам есеј или извештај, да пренесам информација или да дадам образложение за или против одредено гледиште. Можам да пишувам писма истакнувајќи го личното значење нанастаните или искуствата. | Можам да се изразувам со јасни, добро структурирани текстови, изразувајќи гигледиштата во поопширна форма. Можам да пишувам за комплексни теми во писмо, есеј или извештај, нагласувајќи го она што мислам дека е главно прашање. Можам да одберам стил соодветен за планираниот читател. | Можам да напишам јасен, сосема течен текст во соодветен стил. Можам данапишам комплексни писма, извештаи или статии кои го претставуваат предметот со ефективна логична структура што ќе му помогне наслушателот да ги забележи и да ги запамети значајните поенти. Можам да пишувам резимеа или рецензии на професионални или книжевни дела. |

© Европска Унија и Совет на Европа, 2004-2020 | europass.cedefop.europa.eu